

## ТРИЕСЕТ И ЧЕТВРТОТО ПОКЛОНЕНИЕ ВО ВЕЧНИОТ ГРАД РИМ

***Во 2002 година се одбележаа 35 години од возобновувањето на Охридската архиепископија во лицето на МПЦ, како и 35 години од поклоничките чествувања на гробот на свети Кирил во Рим. Црковната делегација беше во состав: митрополитот Кирил, митрополитот Тимотеј, свештеникот Сашко Николовски, ѓаконот Сашко Ристески и професорот Ѓоко Ѓорѓевски. Покрај делегацијата, во Рим престојуваше и хорот при Соборниот храм „Свети Климент Охридски" од Скопје и старешината на храмот протојерејот-ставрофор Ѓорѓи Кацарски.***

Делегацијата, најпрвин, беше примена од новоназначениот и прв резиденцијален амбасадор на Република Македонија при Светата столица, г-дин Иван Ангелов. Истиот ден, црковниот хор настапи со концерт.

Делегацијата на МПЦ оствари средба со Папскиот совет за единство на христијаните и Католичкиот комитет за културна соработка во Ватикан, на која беа присутни и бискупот Марк Квеле, отец Елевтериј, претседател на Понтификалниот совет и проф. отец Мај. На молебенот на гробот на свети Кирил, митрополитот Кирил произнесе празнична беседа. Од името на Република Македонија и нејзините граѓани, на гробот положи венец државната делегација предводена од министерот за култура, г-ѓа Ганка Самоилова-Цветановска

**Митрополит Полошко-кумановски Кирил**

Слово за свети Кирил Солунски, одржано на неговиот гроб, во Рим, на 24 мај 2002

година.

**Христос Воскресна!**

Светителе Оче наш Кириле: *„Ти како сонце огреа на земјата, просветувајќи ги сите со богогласните лачи на твоето учење. Стоиме пред гробот во кој почива твоето свето тело и со вера ти пееме: „Блажени, спомни си за нас, твоите наследници".*

**Ваше Високопреосвештенство,**

**Почитувани министри при Владата на Република Македонија,**

**Ваши Екселенции,**

**Чесни оци,**

**браќа и сестри во Господа,**

**почитувачи на свети Кирила и пријатели на македонскиот народ,**

**на Република Македонија и на Македонската православна црква,**

*На овој празничен ден - посветен во спомен, чест и слава на ликот и на огромното и епохално дело на рамноапостолите - светите с,алунски браќа Кирил и Методиј, како што е веќе традиција за нашата света црква и за нашата татковина, Република Македонија, доаѓаме на поклонение, овде во вечниот град - Рим, и молитвена оддаваме почит пред*

*моштите и гробот на свети Кирил.*

*Овогодишното чествување на големиот наш апостол, кој е апостол и на сите словенски народи, кој, заедно со брата си Методиј и со свети Бенедикт се сомолитвеници и созаштитници на Европа, еве, е триесет и петто по ред и, во некоја смисла, е јубилејно. Како потсетување: за првпат дверите на базиликата „Свети Климент Римски" ни беа отворени во 1968 година, само една година по обновената самостојност на древната Охридска архиепископија во 1967 година, олицетворена во денешната света Македонска православна црква . Всушност, тогаш како црква ја продолживме заораната бразда на големиот просветител, која беше прекината со неговото упокојување и преселување во небесната црква, во 869 година, овде во Рим.*

*Значи, уште пред три и пол децении почнаа да се создаваат вонредни услови за разбирање на нашата вистина и искрено почитување и соработка на екуменски план со нашата тукушто возобновена Света црква, како со Светата столица, така и со голем број ватикански просветни институции и институти. Како резултат на таквата продлабочена соработка меѓу другите плодови, повеќе наши сегашни архипастири и професори во нашите просветни богословски институции беа на постдипломски студии во овие институции, а некои станаа и доктори на науки. И при оваа пригода искажуваме благодарност од нашата Света црква кон Светата столица, за сите досегашни добрини и помошти.*

*Затоа, кога веќе го спомнавме 35-годишното наше јубилејно присуство на ова свето место и христијанската братска соработка, проникната со евангелска Христова љубов, заедно со 35-годишниот јубилеј од воскреснувањето на нашата Света црква, со воспоставено целосно литургиско и канонско живеење, со задоволство можеме да истакнеме дека овогодишните светодenski празнични одбележувања, на богоблагословениот и христољубив македонски христијански народ, срцата ги исполнува посебна радост, пропратена со вечна благодарност кон нашиот заеднички отец небесен.*



[illegible]



[illegible]



**Пишува: СЛАВЕ КАТИН**